СТАВ



ПИШУВА:
*Весна Ивановска*

# Изложбена (не)култура

Грешките станаа правило, а не исклучок во организирањето изложби на светски познати автори, кои толку ретко ги има кај нас. Годинава во Музејот на современата уметност имаше две изложби од тој калибар. Двете беа отворени со технички проблеми. Делумните пропусти со озвучувањето на претставувањето на творештвото на унгарскиот уметник Виктор Вазарели, беа дреболија за тоа што се случи завчера. И пред да почне чинот на отворање на изложбата на творештвото на Јан Саудек техничката опрема откажа. Тоа беше причина атмосферата во преполната сала да се претвори во реконструирана слика на пазарен ден. Дополнително оптоварување беше високата температура во изложбената сала, во која не можеше да преживее бактерија, а не уметничко дело со нежна структура.

Но, малите тривијалности секогаш оставаат последици. Најтажно е за кураторите што се намачија да ја подготват изложбата, зашто напорната атмосфера буквално ја задуши нивната работа. Во миг се обезвреднија сите напори да покажеме дека имаме и капацитет и публика со висока култура.

За (не)среќа, Саудек вели дека имал стотици изложби, но поголемиот дел од нив не ги ни брои. Тој синоќа не беше присутен во МСУ. За среќа!